КИРСМ

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 77 став 1 точка а) и ж) од Законот за извршување ( „Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23), Вонредно Собрание на Комората на извршители на РСМ, на седница одржана во хотел„Радика“ во Маврово, на ден 03.11.2023 година, ја донесе следната

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-436/8
03.11.2023 год.
СКОПЈЕ

ОДЛУКА
за дополнување на Статут на КИРСМ

Член 1

Се дополнува член 5 од Статутот на КИРСМ на начин што по ставот 2 се додаваат три нови ставови кои гласат:
„ Комората има своја табла за означување на службените простории на седиштето на Комората, во првоаголна форма со содржина:
„ Република Северна Македонија
Комора на извршители на Република Северна Македонија’’

Текстот на таблата е напишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо како и на англиски јазик, со иста големина и фонт, при што називот на македонски јазик и писмо е напишан прв“
Таблата ги има следните димензии 50 сантиметри во основа и 30 сантиметри во височина.“

Член 2

Се дополнува член 6 од Статутот на КИРСМ на начин што по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:
„ Текстот на печатот е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните и неговото писмо“
Ставот 4 станува став 5 .

Член 3

Се дополнува член 7 од Статутот на КИРСМ на начин што по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:
„ Текстот на штембилот е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните и неговото писмо.“
Ставот 3 станува став 4.

Член 4

Оваа одлука за дополнување на Статутот на КИРСМ влегува во сила и во примена осмиот ден од денот на нејзиното објавување на веб страната на Комората на извршители на Република Северна Македонија.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Весна Деловска

**Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје**
**тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877**
**e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com**